**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

# ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР
# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 23 МАРТ 2022

**ТОП ВЕСТИ:**

- Заврши првата фаза од изградбата на градскиот пазар во Делчево
- Усвоена Завршната сметка на Општина Делчево за 2021: Реализацијаа на Буџетот за 2021 год. 92%
- Благодарност до граѓаните на Делчево од Општина Тернопил – Украина
- „Копачката“ и Делчево домаќини на „Мрежата на УНЕСКО-вите културни простори“

## Заврши првата фаза од изградбата на градскиот пазар во Делчево



### Усвоена Завршната сметка на Општина Делчево за 2021 г : Реализација на Буџетот за 2021 г од 92%



### Благодарност до граѓаните на Делчево од Општина Тернопил—Украина




### „Копачката“ и Делчево домаќини на „Мрежата на УНЕСКО-вите културни простори“



Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

# Одржана 7 Седница на Советот на Општина Делчево: Усвоена Завршната сметка на Општина Делчево

Совет на Општина Делчево



Советниците од Советот на Општина Делчево на својата 7 Седница ја усвоија Завршната сметка на Буџетот на Општина Делчево за 2021. Согласно со податоците, од вкупно планираните приходи и приливи во Буџетот на Општината во износ од 315.220.482 ден. наплатени се 290.009.206 ден., односно 92% во вкупниот Буџет или од Основниот буџет од вкупно планираните 109.541.856 денари наплатени се 98.266.043 или изразено во проценти 89,7%.

Даночните приходи се реализирани во износ од 39.374.231 ден или 93,3% од планираните; неданочните приходи се со реализација од 78,3% или во износ од 1.464.542 ден, капиталните приходи се со процент на реализација од 80% или 2.901.623 ден, додека трансферите со процент од 88% или 54.525.647 ден.

Од вкупно планирани расходи во износ од 315.220.482 ден. во вкупниот Буџет реализирани се 286.106.864 или 91%., додека во Основниот буџет на Општина Делчево од планирани 109.541.856 денари, реализирани се 98.266.043 денари или 90%. Вкупниот износ на платите во однос на вкупно реализираните расходи изнесува 26,8%, процентот на реализација на стоки и услуги е 21,2%, додека износот на реализираните капитални расходи во однос на вкупните расходи во Основниот буџет е 46,7%, а во однос на планираните капитални расходи, реализирани се 87%. Во делот на капиталните расходи процентот на реализација на други градежни објекти во однос на вкупните реализирани капитални расходи е 95,5% .

Во 2021 година реализирани се капитални расходи во износ од 45.885.859 ден. Од нив за изготвување проекти се финансирани 1.290.039 денари, за изградба и реконструкција на улици и патишта 23.850.625 денари, за изградба на канализација во нас. Пролет 6.205.456, за изградба на др. објекти во износ од 10.076.000 (градски пазар), за надомест за одземен имот платени се 1.820.987, за реконструкција на други објекти во износ од 248.192 ден., за отплата на главен долг за реконструкција на детската градинка исплатен е износ од 1.852.636 денари и др.

Советниците на денешната Седница го усвоија Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Општина Делчево, како и завршните сметки за 2021 година на Јавната локална библиотека „Илинден“, на ОЈУДГ „Весели цветови“, на ООУ „Ванчо Прке“, ООУ „Св.Климент Охридски“ и на СОУ „М.М.Брицо“.

# Совет на Општина Делчево

Исто така, советниците ја донесоа и Програмата за поставување урбана опрема на територијата на градот Делчево со која се утврдува потребата и се уредуваат стандарди за поставување урбана опрема на подрачјето на градот Делчево и постапката за давање согласност за поставување на урбаната опрема; Програмата за дополнување на Програмата за уредување градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2022 година; Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2022 година;

Советниците дадоа зелено светло и на: Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за уредување градежно земјиште за добивање одобрение за градење на детската градинка за ГП 3.2.01 од ДУП УЕ 3, дел од Урбан блок 3.2. КО Делчево во Делчево; како и на Одлуката за кофинансирање во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги МСИП 2 за доискористување на преостанати средства. Согласно урбанистичко-планската документација на улицата бр. 3 која е во изградба е предвидена изградба на дополнителна лента во должина од 66 м. за автобуско и такси- стојалиште. Општината одлучи да го изгради стојалиштето со цел обезбедување квалитет во структурата на коловозот и обезбедување безбеден сообраќај, за што согласно со утврдената предмер- пресметка со износ од 535.649,20 денари со ДДВ, со договорните единечни цени од изведувачот, вредноста за кофинансирање на проектот „Изградба на дел од улица 3", од страна на Општина Делчево, е потребно да се зголеми за дополнителни финансиски средства во висина од 65.708,21 денари со ДДВ.



# Завршува првата фаза од изградбата на современиот градски пазар во Делчево

Актуелности



Во тек се завршните работи за поставување на кровната конструкција на современиот градски пазар во Делчево, кој се гради од сендвич- кровни панели и транспарентен лексан.

По завршувањето на работите за изградба на кровната конструкција, се очекува распишување на тендерот за реализација на втората фаза од изградбата на современиот градски пазар за што Општина Делчево потпиша Договор со Центарот за развој на Источно-планскиот регион, во висина од 13,9 милиони денари за проектот. Согласно со потпишаниот Договор, обврската на Општина Делчево за доизградба на градскиот пазар е 4,8 милиони денари.

Вкупната вредност на проектот е 35 милиони денари, од нив во првата фаза, 7 милиони денари беа обезбедени од Агенцијата за финансиска поддршка на руралниот развој, додека во втората фаза од изградбата, обезбедени се средства од Министерството за локална самоуправа- Биро за регионален развој преку Центарот за развој на ИПР во висина од 13,9 мил. Останатите средства ги обезбедува Општина Делчево.

Со реализацијата на овој проект, Делчево за прв пат добива современ градски пазар со целата инфраструктура, каде ќе бидат испочитувани сите критериуми за соодветно чување и продавање на храната и на најразновидната стока, како и соодветен паркинг–простор. Градскиот пазар е со површина на градежна парцела 11.599 м2 и површина за градење 6.944 м2 и содржи продажен простор за земјоделски производи, но и други стоки.

Инаку, во тек е изградба на нова улица која го поврзува новиот пешачки мост и новиот градски пазар со што се решава уште една инфраструктурна потреба која е во насока за заживување на овој дел од централното градско подрачје кое добива нов урбан лик.

Актуелности

## Реконструкција на водводната мрежа на ул „Плачковица“



Започна реконструкцијата на дел од дистрибутивната водоводна мрежа на ул „Плачковица“ во Делчево. Конкретно, се менуваат старите азбестни цевки со полиетиленски во должина од 400 м на дел од обиколната линија, крак 4, за индустриската зона. Вредноста на работите изнесува 1.976.840,92 денари без вклучен ДДВ, односно 2.332.672,28 денари со вклучен ДДВ**.**

Средствата се обезбедени преку Министерството за транспорт и врски во рамките на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите од каде се обезбедени 2.000.000 денари, а останатите средства се обврска на Општина Делчево.

Изведувач на работите, е ПАНЕЛ-М Мехаз ДООЕЛ Тетово, со кој деновиве е потпишан Договорот за реализација на проектот.

Со оваа реконструкција, промената на старите азбестни цевки со полиетиленски, се превенираат честите дефекти на мрежата, загубите на вода ќе се сведат на минимум, а ќе се подобри и квалитетот на водата за пиење.





# Одбележан Светскиот ден на водата



По повод Светскиот ден на водите, 22 Март, во Делчево се одржаа низа настани во рамките на Проектот за подобрување на водоснабдувањето во Делчево, финансиран од Швајцарската Влада.
Целта на активностите кои се во организација на Општина Делчево, ЈКП „Брегалница“ и Проектниот тим, е подигање на свеста на населението за прашањата поврзани за водата, промоција на Проектот за подобрување на водоснабдувањето во Делчево, како и мотивирање на граѓаните за совесно однесување со водата и природните ресурси.
Јулијана Лапевска, претставник на Проектот, додаде дека настаните се конципирани така што преку игра или уметничко ликовно творење да се потенцира значењето на водата.
– Во спортскиот дел, 32 натпреварувачи од двете основни училишта трчаат штафетна трка носејќи сад со вода, а победник е екипата која ќе сочува поголем дел од водата во садот. Исто така, талентирани ученици создаваат ликовни творби на тема „Вода за живот“. Обезбедени се награди за победниците, а воедно, денеска ќе се доделат и наградите за најдобри фотографии на конкурсот кој беше објавен претходниот период, истакна Лапевска.
Директорот на ЈКП „Брегалница“ од Делчево, Стојче Стојковски, го истакна значењето од реализацијата на Проектот, кој е со вкупна вредност од 7,3 милиони швајцарски франци и кој треба да го подобри квалитетот на услугите на претпријатието.
-Настаните се одржуваат со единствена цел да се потенцира значењето на основниот ресурс за живот- водата и да се нагласи значењето од разумно и економично трошење на водата. Со цел за подобрување на услугите на ЈКП „Брегалница“ и обезбедување подобар квалитет на водата за пиење, а воедно и минимум загуби на водата во системот, во Делчево во тек е реализација на овој Проект. Во моментов течат градежни работи во с. Габрово и во с. Звегор за комплетна замена на водоводната инсталација и подобрување на квалитетот на водата за пиење, како и поставување фотоволтаична централа,на потегот кај пречистителната станица која е во подготвителна фаза за изградба заедно со придружните објекти, нагласи Стојковски.
Добитници на наградата за најдобра фотографија на Конкурсот се: Сашко Тренчевски, Андреј Бубевски и Ана Мавродиева.
Инаку, 22 март од 1993 година со одлука на ООН се одбележува како Светски ден на водата со цел да се подигне свеста за значењето на водата како ресурс кој е клучен за животот и социоекономскиот развој, здравите екосистеми и за самиот опстанок на човекот.

# Се засадуваат нови садници во Делчево

Актуелности



На првиот ден на пролетта, екипи на ЈКП „Брегалница“ ја започнаа акцијата за засадување нови садници со што се збогатуваат зелените површини, а парковското зеленило ќе добие нов лик во градот.

Садниците ги набави Општина Делчево во тендерска постапка при што од Буџетот се одвоени од 336.890,00 денари со вклучен ДДВ.Економски оператор е „Градина цвет“ од с. Владиевци Василево, а набавени се 315 садници од сортите: Katalpa nana 60 садници, tuja smaragd occidentalis 125 садници, tuja smaragd spiral 55 садници, leylandii pom pom 75 садници. Украсните садници се засадуваат по должината на парковското зеленило на бул „Македонија“ до излезот кон с. Ѕвегор.

Градоначалникот Горан Трајковски направи увид на почетокот на акцијата и истакна дека целта на оваа акција е да се збогатат содржините во јавните зелени површини во градот.

-Традиционално на денот на пролетта организираме акции за зголемување на зелените површини во градот и за засадување нови садници. И оваа година организираме таква акција и даваме свој придонес за зачувување на животната средина. Украсните садници кои се засадуваат ќе дадат посебен и богат изглед на булеварот кој е фреквентна сообраќајна артерија за транзит на возила за влез и излез од земјава,но секако ќе влијаат и на прочистување на амбиенталниот воздух и со тоа директно придонесуваме кон почиста животна средина. Заедно со претходно спроведените акции за засадување, парковското зеленило по должината на главната сообраќајница во Делчево, добива комплетно нов лик и една целина, истакна Трајковски.

Исто така, во Делчево ќе се засадат и 20 костени кои Општина Делчево ги доби по пат на донација од „Фарма-органика“-расадник од Прилеп кои се засадуваат по должината на ул „Кеј на ослободување“ на потегот до градскиот стадион.

Актуелности

# Еколошки акции во делчевските училишта



По повод Денот на пролетта и Денот на екологијата учениците од двете основни училишта организираа еколошки акции.
Во ООУ „Ванчо Прке“ во Делчево под мотото „НИЕ се грижиме за нашата природа-грижете се и ВИЕ,” се
организираше еколошка акција за расчистување на училишниот двор, но беа засадени и нови садници.
Од училиштето информираа дека во едночасовната еколошка акција беше расчистен училишниот двор од паднатите лисја, но и беа засадени разни видови зимзелени и листопадни садници, донација од ЈП Национални шуми-Подружница „Голак“ Делчево. Заедно со учениците во акцијата се вклучил и помошно-технички персонал, со што акцијата беше успешно изведена до крај.
Еколошка акција беше организирана и во централниото ООУ „Св.Климент Охридски“ , како и во подрачните училишта. Во рамките на акцијата беше организирано чистење на училишниот двор, а беа засадени и садници.





Актуелности

## Соработка на Советот на млади и училишните заедници во Општина Делчево



Со цел унапредување на соработката и поттикнување на младинскиот активизам, претставници од Советот на млади на Општина Делчево деновиве беа дел од редовните состаноци на училишните заедници во делчевските образовни институции на кои се дискутираше и за заедничка реализација на проекти.

Како што истакна Родне Деолска, претседателка на Советот на млади на Општина Делчево, заедничката соработка може да го подигне нивото на младински активизам.

– Разговаравме за можна заедничка соработка и како Советот на млади може да ја унапреди нивната работа, да се вклучи во решавање на некој проблем или да ги застапува нивните барања пред институциите. Се согласивме дека преку нашите програми за работа, годинава заеднички може да се реализираат повеќе активности во различни области и да се обрне повеќе внимание на вклучување во проекти од европските програми, за да можат учениците да користат бенефити од размената на ученици во други држави и на тој начин да стекнуваат нови искуства. Младите сакаат да се активни на повеќе полиња и да имаат подобар социјален живот, потенцираше Деолска.

Актуелности

## Делчево организираше хуманитарна акција за граѓаните на Украина



Храна, средства за хигиена, бебешки пелени, бебешка храна и облека, санитатески материјали и лекови, ортопедски помагала, постелнини и ќебиња, се само дел од помошта собрана изминативе денови на собирниот пункт отворен во Спомен-домот АСНОМ во рамките на хуманитарната акција за помош на Општина Тернопил во Украина.

На листата донатори се запишаа голем број граѓани, институции, општествено одговорни фирми:

„Фротирка-компани", „Алкалоид" од Берово, „Брегал" Делчево, „Рудине ММ", ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев" Делчево, детска градинка „Весели цветови", аптека „Кетрин" , „Твоја аптека", „Оникс-Вал", „Луна –гив", „Фротекс- Компани", Центарот за социјални работи- Делчево, ЈЛБ „Илинден" , ЈКП „Брегалница", „Дамјанов", Здружение РЦЗ Делчево, „Ацико-транс", бутик „Грација", ООУ „Ванчо Прке", СОУ „М.М.Брицо", ООУ „Св.Климент Охридски",„Витекс", маркети „Извор-комит", како и пратеничката Соња Михаиловска, градоначалникот Трајковски и вработените во Општина Делчево, но и многу граѓани кои во изминативе денови носат донации на пунктот.

Градоначалникот Горан Трајковски изрази јавна благодарност до сите хумани луѓе кои во време на оваа хуманитарна катастрофа во Украина донираат со цел да се ублажи страдањето и болката и да се помогне на луѓе во неволја.

– Акцијата повторно ја разбуди хуманоста, на пунктот се собрани во големи количини потребните средства кои ќе помогнат на граѓаните од Украина. Акцијата е наша реакција на актуелната хуманитарна катастрофа во Украина и страдањето на граѓаните на оваа земја од воените дејства, но и одговор на апелот испратен до Општина Делчево од пријателската Општина Тернопил од Украина. Во оваа прилика изразувам благодарност до сите хумани луѓе, до сите општествено одговорни фирми кои, како и многу пати досега, и денес ја покажуваат својата човечно и хуманост, истакна Трајковски.

Собраните средства деновиве се дистрибуирани до Општина Тернопил, согласно со насоките од Амбасадата на Украина во Скопје кои го обезбеднија транспортот.

Акцијата која ја организираше Општина Делчево беше поддржана од ОО на Црвен крст Делчево и Советот на млади на Општина Делчево.

Актуелности

## Благодарност до граѓаните на Делчево од Општина Тернопил –Украина

Градоначалникот на Општина Тернопил од Украина, Сергиј Надал, испрати писмо-благодарница до Општина Делчево, градоначалникот Трајковски и граѓаните на Делчево за хуманитарната помош која беше организирана во Делчево со цел да се помогне на лицата зафатени со воени дејства во Украина.

Во писмото испратено до градоначалникот Трајковски, меѓу другото се потенцира дека хуманитарната помош е голем придонес кон приближување на мирот.

„Дозволете ми искрено да Ви се заблагодарам Вам, на вработените во градското собрание, на жителите на градот Делчево, за обезбедената хуманитарна помош за лицата од зоните на воени дејствија со руските окупаторски трупи.

Вашата заедничка работа со Амбасадата на Украина во Република Северна Македонија, поточно со г-динот Роман Буга, беше завршена на 19.03.2022 година, кога Вашиот товар од 5 тона пристигна во Тернопиљ. Наведената хуманитарна помош е голем придонес кон приближување на мирот.

Се надевам на средба со Вас по завршувањето на војната“, се вели во писмото со благодарност од градоначалникот на Општина Тернопил, Сергиј Надал.

Општина Делчево во партнерство со ОО на Црвениот крст-Делчево и Советот на млади, организираа хуманитарна акција за пријателската Општина Тернопил, како одговор на апелот за хуманитарна помош од оваа Општина во Украина со која Општина Делчево има долгогодишна соработка. Во рамките на акцијата за неколку дена хуманите граѓани, фирми и институции донираа хуманитарна помош со тежина од околу 5 тони, која со поддршка на Амбасадата на Украина во Скопје беше дистрибуирана до Тернопил.

Во знак на благодарност, Општина Делчево додели благодарници на сите учесници во хуманитарната акција за нивната солидарност и поддршка на граѓаните кои се соочуваат со хуманитарна криза во Украина.



ТЕРНОПІЛЬСЬКА МІСЬКА РАДА

вул. Листопадова, 5, м. Тернопіль, 46001 тел.: (0352) 52 20 21 e-mail: ternopil_rada@ukr.net
web: ternopilcity.gov.ua

22.03.2022р
№243

Меру міста Дольчево
пану Горану Трайковскі

Шановний пане Мере!

Дозвольте щиро подякувати Вам, працівникам мерії, мешканцям міста Дольчево за надану гуманітарну допомогу для осіб з зони військових дій з російськими окупаційними військами.

Спільна робота Ваша, Посольства України в Північній Македонії, особисто Романа Буги була завершена 19.03.2022 року, коли Ваш 5 тонний вантаж прибув в Тернопіль.

Даний вантаж є великим вкладом в приближенні миру.

Надіюсь на особисту зустріч з Вами по завершенню війни.

З повагою,
Міський голова — Сергій НАДАЛ

ТЕРНОПІЛЬСЬКА МІСЬКА РАДА 34334305 УКРАЇНА

Володимир Кашицький

# Доделени награди и признанија на делчевските крводарители

Актуелности




По повод Денот на крводарителите и Денот на Црвениот крст на Република Северна Македонија, во Делчево се одржа пригодна свеченост во рамките на која беа доделени награди и признанија на крводарителите од Делчево кои дарувале крв по 100, 75, 50, 25 и 10 пати.

Настанот беше во организација на Општина Делчево и на ОО на Црвен крст на РСМ, а целта е да се одбележи денот кој го означува постоеењето, дејствувањето, а воедно и успехот на сите волонтери, вработени, поддржувачи и безброј активисти кои овозможија оваа организација да опстојува толку време низ годините, но и да се оддаде признание на крводарителите од Делчево за нивната хуманост и спасените човечки животи.

Градоначалникот Трајковски кој ги поздрави присутните истакна дека Делчево е гордо на сите хумани луѓе, посебно на крводарителите кои со самото дарување крв, изразуваат највисок степен на солидарност со сите оние на кои таа им е потребна, без оглед на возраст, пол, раса, боја, национална и верска припадност.

– Делчево брои околу 300 активни крводарители, бројка која несомнемо мотивира, а со фактот дека минатата година има остварување на планот на собрани крвни едници и тоа од 141% , докажува на кое ниво е доброволното дарување крв во нашата општина. За нивната хуманост, како градоначалник, изразувам благодарност до сите крводарители, посебно до Зоран Глигоров за сто пати дарувана крв, Влатко Димитровски за 75 –пати дарувана крв, за Горан Пановски, Ванчо Миленски, Илчо Дончевски, Борче Стојковски кои 50 пари дарувале крв, но и на сите кои дарувале крв и по 25 пати и 10-пати. Во оваа прилика посебно ќе ги споменам женските крводарители, кои иако со скромни 10% од вкупниот број крводарители, сепак, воведуваат нова традиција на крводарување во Делчево и покажуваат дека донирање крв не е само „машка работа“: Маја Стоименовска, Катерина Жежовска, Марија Мирчевска и Тања Цековска кои 10 пати дарувале крв, нагласи Трајковски.

Претседателката на ОО на Црвен крст, д-р Билјана Георгиевска, истакна дека доброволното дарување крв претставува израз на високи етички и морални вредности и спасува животи.

-Јавно се заблагодарувам на нашите крводарители кои се едни од најуманите луѓе и упатувам апел до нашата млада популација да се приклучат на семејството крводарители, рече д-р Ѓеоргиевска.

Д-р Виолета Ѓорѓевска од Институтот за трансфузиона медицина го потенцираше значењето на доброволно дарување крв.

Актуелности

# Делчево добива метеоролошка станица



Конечно во Делчево, УХМР Скопје ќе ја постави првата автоматска метеоролошка станица (АМС) со намена за автоматска обсервација и пренесување на метеоролошките податоци. За реализацијата на овој проект, деновиве Договор за соработка потпишаа Општина Делчево и УХМР Скопје. Автоматската метеоролошка станица ќе биде поставена на соодветна локација во населбата Шумски расадник во- населба Ново Делчево.

Согласно со податоците од УХРМ, автоматската метеоролошка станица претставува набљудувачки систем составен од повеќе автономни уреди коишто вршат мерења, а податоците се читаат и добиваат од централната единица за аквизиција и се пренесуваат до корисникот.

АМС се состои од хардверски и софтверски дел. Поголемиот дел од хардверскиот дел е сместен во специјална надворешна куќичка, а ги подразбира:

– сензорите кои го вршат мерењето, инсталирани и поврзани со централниот систем преку кабли;

– централен систем за прием и обработка на податоците од сензорите според соодветни алгоритми и во формат погоден за дисплеј;

– периферна опрема и уреди, како што се извори за постојано напојување на електрична енергија, вградени уреди за автоматско мониторирање на статусот на виталните функции на станицата, уреди за пренос на податоци на далечина.

Еден ваков мерен систем ги мери следните метеоролошки параметри:

-температура на воздух,
-релативна влажност на воздух,
– атмосферски притисок,
-правец и брзина на ветер,
-сончево зрачење,
– количина на врнежи и сл.

Овој мерен систем има можност за надоградба за мерење со можност за надоградба.

Мерењата се вршат според важечки прописи на Светската метеоролошка организација (СМО) и Управата за хидрометеоролошки работи (УХМР).

Култура

# Ансамблот „Танец“ во Делчево



Во чест на 150-годишнината од раѓањето на Гоце Делчев, ансамблот „Танец“ со концертот во Делчево ја започна новата концертна сезона. Концептот е наречен „Изворни минијатури“ и ќе ја следи целата пролетна концертна серија низ државата.

Во овој циклус посветен на изворите, „Танец“ изведе програма конципирана од фрагменти, односно автентични фолклорни творби врз кои се темелат познатите кореографии на Ансамблот (песни и ора како Адана, Тоска, Трченица, Ситното, и неизоставно формите кои се заштитени во УНЕСКО, како пијанечкото оро „Копачка“ и машкото двогласно пеење од Долни Полог). Со голем број концерти кои се дел од неколку различни концепти – од изворни фолклорни творби до современи етнофузии, и во ова време-невреме, како и низ целиот период од 73 години од своето постоење, „Танец“ ќе се обиде да остави длабок печат на оваа временска отсечка од македонското културно битисување.

Концертот е во организација на НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ и, воедно, со овој концерт започнува и годинешната богата културна понуда на делчевскиот Центар за култура.

# Донација во книги од Агенцијата за иселеништво 50 наслови



Агенцијата на иселеништво на РСМ донираше 50 наслови на популарни светски класици на ЈЛБ„Илинден“. Како што истакна директорката на ЈЛБ„Илинден“, Билјана Петровска, донацијата значи збогатување на библиотечниот фонд, а книгите по нивната обработка, веднаш ќе бидат достапни на читателите.

Изразуваме огромна благодарност до Агенцијата за иселеништво на РСМи до директорот на Агенцијата, Слободан Близнаковски, за тоа што од сите библиотеки во државава ја одбра делчевската библиотека, како една од трите библиотеки кои добиваат донации од книги кои се безвременски. Во оваа прилика сакам да го потенцирам и значењето и улогата што ја има Агенцијата за иселеништво на РСМ за зачувување и промовирање на литературните творби создадавани на македонски јазик, но и делата на странски автори преведени на македонски јазик, посочи Петровска.

Меѓу донираните наслови се познатите дела на Толстој, Чехов, Џејн Остин,Емил Зола, Жан Жак Русо,Виктор Иго и др.

# „Копачката“ и Делчево домаќини на „Мрежата на УНЕСКО-вите културни простори“

Култура



Орото „Копачка“ како живо културно наследство запишано на Репрезентативната листа на УНЕСКО, беше презентирано во рамките на Еразмус+ проектот „Мрежа на УНЕСКО -ви културни простори“ пред научници и носители од Европа со цел размена на искуство и запознавање со орото „Копачката“. Освен орото „Копачка“, на настанот беа презентирани и традиционалните музички инструменти од Пијанец, традиционалните песни и други ора од Пијанец, традиционалната храна и начинот на приготвување на храната која е специфична за Пијанец и Источна Македонија.

Проект кој е поддржан од Програмата Еразмус+ опфаќа обуки и размена на добри практики во негувањето и зачувувањето на нематеријалното културно наследство од областа на традиционалната музика и танц, впишани во листите на УНЕСКО за нематеријално културно наследство на човештвото, наменети на носителите и засегнатите страни на заштитеното добро.

Националниот комитет на ИСТМ за Македонија – Скопје, е домаќин на проектот и партнер организација, а партнери учесници во проектот се организации од неколку држави: Латвија - Ethnic Culture Centre Suiti Foundation; Естонија - Kihnu Cultural Space Foundation; Естонија - NGO Setomaa Tourism; Грузија - Georgian Arts and Culture Center; Португалија - Idanha-a-Nova Municipality /Centro Cultural Raiano; Хрватска – Gacko pucko otvoreno uciliste Otocac; Италија - Universita Degli Studi Di Cagliar.





## Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk



**Издава: Општина Делчево**

**Уредник: Даниела Такева**

**Техничка обработка: Влатко Мицевски**

**Соработник: Благица Петровска**

**Фотографија: Општина Делчево**

**Лектор: Даниела Такева**


**„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:**
**delcevo.gov.mk**